Архивски број: 08 - 131/4
Датум: 18 -02- 2025

По претставката бр. 08 – 131/1 од 22.1.2025 година, поднесена од [redacted] против Државно музичко училиште – Битола и [redacted], за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на образование, политичко уверување и пол, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА** постапката за заштита од дискриминација заведена под бр. 08 – 131 од 22.1.2025 година поведена од [redacted] против Државно музичко училиште – Битола и [redacted] заради судска постапка за дискриминација.

### Образложение

На 22.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Државно музичко училиште – Битола и [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на образование, политичко уверување и пол во пристапот до работа.

Во текот на постапката, од поднесокот за дополнување на претставката со бр. 08 – 131/3 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби сознанија дека за истата правна работа е поведена судска постапка. Имено, подносителката на претставката поднела тужба за поништување на одлуката за избор на работници, со која меѓудругото бара утврдување на дискриминација пред Основен суд Битола.

**Согласност член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:** *„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога* ***постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката*** *или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Врз основа на таквата информација, а согласно наведениот член, Комисијата одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката заведена под бр. 08 – 131 поведена од [redacted] против Државно музичко училиште – Битола и [redacted].

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Беjзароски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk